**АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ**
**Граѓански оддел**
**СУ.бр.**
**24.02.2020 година**

**ДО**

**ВРХОВЕН СУД НА РСМ**
**АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА( граѓански оддел)**
**АПЕЛАЦИОНЕН СУД ГОСТИВАР ( граѓански оддел)**
**АПЕЛАЦИОНЕН СУД ШТИП ( граѓански оддел)**
**АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБИНИТЕЛИ ,, ПАВЕЛ ШАТЕВ,, СКОПЈЕ**

**ПРЕДМЕТ Доставување на записник од работна средба**

**Во прилог Ви го доставуваме записникот од одржаната заедничка работна средба на Граѓанските оддели на Апелационите судови Скопје, Битола, Гостивар и Штип за хармонизирање – воедначување на судската пракса која се одржа на 28,29 и 30 -ти ноември 2019 година во Хотел ,, Изгрев,, во Струга и заклучоците од истиот**

**Со почит,**

**Претседател на Апелационен суд**
**Скопје,**
**С у д и ј а**
**Лидија Димчевска**

# З А П И С Н И К
**од Работна средба на граѓанските оддели на Апелациониот суд Гостивар, Апелациониот суд Битола, Апелациониот суд Скопје и на Апелациониот суд Штип, одржана на 28 - 30 .11.2019 година**

На почетокот на работната средба со поздравен говор се обрати Претседателот на Апелациониот суд Скопје , како официјален домаќин на работната средба, судијата Лидија Димчевска. Со работната средба претседаваше како модератор Претседателот на АС Скопје, присутни беа, покрај судиите од сите 4-ри Апелациони судови и судијата на Врховниот суд на РСМ Николчо Николовски кој е воедно и Претседател на Одделот за судска практика при Врховниот суд на РСМ и судијата Снежана Ѓеоргиевска Зекирија, како и г-динот Жарко Хаџи- Зафиров од Центарот за правни истражувања и анализи и претставници- соработници од наведениот Центар.

На почетокот се констатираа одредени пропусти вв со навременото доставување на правните прашања од секој Апелационен суд, затоа што одредени правни прашања испратени преку Академијата за судии и јавни обвинители ,, Павел Шатев,, од Скопје, не беа пристигнати до сите Апелациони судови. Заради поголема ефикасност во тој дел, се предложи и прифати, во иднина, сите правни прашања со прилозите, секој Апелационен суд да ги достави директно до останатите Апелациони судови и до Академијата за судии и јавни обвинители ,, Павел Шатев,, - Скопје.

По увидот во целокупниот материјал се донесе следниот

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

Разгледување и усогласување на ставови со цел да се донесат заеднички заклучоци по следните прашања

## Р А Б О Т Н И   О Д Н О С И

1. Дали работоводниот орган( менаџерот) кој незаконито е разрешен од работоводен орган во институција од јавниот сектор може и има право да бара надомест на штета поради незаконито дејствие од работоводен орган , односно директор на институцијата, согласно чл. 102 од ЗРО, во висина на платата која би ја примал до истекот на мандатот за кој билизбран, доколку не бил разрешен од таа должност? ( Прашање од АС Битола)

2. Дали на вработен на работно место полицаец во ПС за граничен надзор, во регионален центар за гранични работи, Биро за јавна безбедност при МВР на РСМ , каде е вработен, од страна на работникот се извршува со непрекинат престој во одредени издвоени објекти на Министерството подолго од 24 часа и работењето се организира на начин што работното време е во траење од најмалку 12 часа редовна работа и 12 часа платен одмор, на работникот му следува додаток на плата за прекувремена работа, имајќи го предвид фактот што платениот одмор се смета за дел од работното време и се евидентира во службента документација на организациските единици? ( Прашање на АС Гостивар)

3. Дали на вработените во Јавните претпријатија за комунални дејности им припаѓа новогодишен надоместок и регрес за годишен одмор согласно КД за комунална дејност, доколку не се потписници или членови на здружението на работодавач , освен кога остварувањето на тоа право произлегува од колективниот договор на ниво на работодавач? ( Прашање на АС Гостивар)

4. Дали на припадниците на воениот и цивилниот персонал за периодот додека учествуваат во воени или мировни операции надвор од територијата на Републиката треба да им се исплати и денарска плата , во случај кога на истите, за временскиот период додека учествувале во воени или мировни операции им се исплатува девизна плата согласно утврденот коефициент, како и додаток за посебни услови на престој и работа во странство во износ од 30 % од плата утврдена во точка 1 од донесеното решение? ( Прашање на АС Гостивар)

5. Дали во случајот при поднесување на тужба од страна на работникот , за трансформација на работниот однос од определено време на неопределено време согласно чл. 46 ст.3 од ЗРО е задолжително да се докаже дека се обезбедени финансиски средства за неопределено време , како и согласно чл. 46 ст.4 од ЗРО, треба да се докаже дека се обезбедени финансиски средства за неопределно време? ( Прашање на АС Гостивар)

6. Дали лицата порано вработени во ЈП Исар Штип кои заминале во пензија во 2017 година и не биле членови на Синдикалната организација , а се стекнале со право на регрес за годишен одмор за 2015, 2016 и 2017 година и со право на новогодишен надоместок за 2016 година согласно КД за комунални дејности и КД за јавното претпријатие Исар Штип, со спогодба за утврдување на висина на надомест за трошоци поврзани со работа( регрес за годишен одмор и новогодишен надоместок) потпишана од работодавачот и заменик претседател и членови на ИО на синдикалната организација, може да им се ускратат овие права ? ( Прашање на АС Штип)

7.При поништување на одлуката за откажување на договорот за вработување со понуда на нов променет договор за вработување, согласно чл. 78 од ЗРО, дали работникот ќе се врати на работа соодветно на неговата стручна подготовка или ќе се врати на работно место на кое бил пред отказот?( Прашање на АС Скопје)

8. При поништување на одлуката за распоредување како незаконита, дали работникот ќе се врати на работното место на кое бил пред незаконитото распоредување? ( Прашање на АС Скопје)

9. Дали на работникот му следи надомест за дел или за цел неискористен годишен одмор, кога поднел барање за користење на годишен одмор пред престанокот на работниот однос кој не е по негова вина и волја, а работодавачот не му овозможил користење на годишен одмор , во смисла на чл. 145 ст.1 од ЗРО?(Прашање на АС Скопје)

10. Дали на тужителот – државен службеник му следува додаток на плата за кариера, кога во текот на работењето се стекнал со степен на кариера А со едно звање, а дополнително истиот е унапреден во ново звање и во таков случај дали државниот служеник при редовно оценување почнува одново со стекнување на степен на кариера А,Б,В и Г? (Прашање од АС Скопје)

11. На која основица на плата се пресметува додатокот на плата на јавните обвинители и судиите? (АС Битола)

# Г Р А Ѓ А Н С К О   П Р А В О

12. Дали има поделена одговорност кај тужителот за надомест на материјална штета причинета на пчеларници од напад на диво животно под трајна заштита – мечка, во ситуација кога и покрај поголемиот број влегувања на мечката во истиот пчеларник во подолг временски период сопственикот не го дислоцирал пчеларникот? ( Прашање од АС Битола)

13. Дали на правно лице кое престанало да постои согласно чл. 552-б од ЗТД, во сите фази на постапката може да му се постави привремен застапник согласно чл. 550 од ЗТД? Дали е од значење начинот на кој трговското друштво престанало да постои ( после стечај, после ликвидација или поради забрана за работа? Прашање од АС Битола)

14. Дали во ситуации при поведен спор за право на наследување по поднесена тужба за утврдување на право на наследување, во ситуација кога имаме приговор за застареноста на правото , кога поминале повеќе од 20 години од смртта на оставителот, додека пак од друга страна од донесеното правосилно наследно решение до подигнување на тужбата не поминал објективниот рок од 10 години , наоѓа примена апсолутниот рок на застареност на правото предвиден во член 136 ст.2 од Законот за наследување или пак ставот 1 од истиот член во ситуација кога имаме правосилно наследно решение, ја исклучува примената на став 2 од истиот член. ( Прашање од АС Гостивар)

15. Дали навремениот приговор од должникот , за незаконитости при извршувањето , кој не е поднесен во доволен број примероци за судот и спротивната страна, ќе се отфрли врз основа на одредбите од чл. 10 и чл. 86 од законот за извршување вв со чл.99 и 101 став 6 од ЗПП? ( Прашање од АС Гостивар)

16. Дали судот е надлежен да постапува по тужбата на тужителот со која бара да се утврди према тужениот дека тужителот има право на барател во постапка за утврдување правен статус на бесправен објект и да се задолжи тужениот да го признае тоа право на тужителот и да трпи постапката за утврдување правен статус на бесправно изграден објект и постапката да продолжи пред Одделението за урбанизам, градежништво, станбени работи за заштита на животната средина на општината и по тужбата на тужителот со која бара да се утврди према тужениот дека тужителот има право на утврдување на правен статус на бесправно изграден објект? ( Прашање од АС Штип)

17. Кога во текот на постапката како доказ бил изведен наод и мислење на вешто лице со повеќе дополненија доставен од тужителот, а тужениот во текот на постапката не доставил свој наод и мислење и првостепениот суд сметал дека дадениот наод и мислење со дополненијата е нејасен и нецелосен и поради грешки не било можно да биде прифатено како солидна основа за утврдување на основот и висината на долгот, дали првостепениот суд во смисла на чл. 246 ст. 2 од ЗПП може да определи изведување на доказ супервештачење и дали доколку се работи за суштествена повреда на постапката , првостепениот суд на оваа повреда ќе внимава по службена должност? ( Прашање од АССкопје- Трговски оддел)

18. Дали известувањето на извршителот доставено до доверителот со кое го известил дека не може да го продолжи извршувањето за наплата на извршните трошоци кои доверителот ги авансирал кај извршителот, претставува извршно дејствие против кое

доверителот може да поднесе приговор , односно дали приговорот како предвиден правен лек по чл. 86 од ЗИ е дозволен или е недозволен правен лек? ( Прашање од АС Скопје)

19. Во кој рок застарува паричното побарување по основ на неплатени трошоци за пружање адвокатски услуги кои произлегуваат од договор склучен помеѓу тужителот како полномошник- адвокат и тужениот ако властодавец, дали се применува рокот од чл. 363 ст. 1 од Законот за облигационите односи или пак одредбата од чл. 360 од истиот закон , поточно дали рокот за застареност изнесува 3 или 5 години ? ( Прашање од АС Скопје)

**Работниот дел започна со разгледување и дискусија по поставените правни прашања по наведениот редослед како во дневниот ред.**

1. Во врска со првото прашање поставено од АС Битола истото беше образложено од страна на судијата на АС Битола- Петкана Јадровска, таа го изнесе ставот на нивниот оддел наведен и во писменото образложение на ова правно прашање, дека овие лица согласно чл.54 и 55 од ЗРО, склучуваат менаџерски договор и немаат статус на работник во институцијата, тие се работоводни органи на институцијата . Од таму, дека на истите не им припаѓа право на надомест на штета според чл. 102 од ЗРО , единствено правата утврдени со менаџерскиот договор . Одредбата од чл. 102 од ЗРО дека се однесува на работник на кого незаконски му престанал работниот однос и истиот според КД и договорот за вработување има право на штета во висина на платата која би ја остварил доколку бил на работа, а во овој случај не станува збор за работник. Доколку нема склучено менаџерски догор и не се утврди дека е склучен таков договор, тој нема право на штета по ЗТД ниту по ЗРО. Судиите на овој суд оцениле дека ова прашање треба да спостави на ваква средба заради донесени одлуки од ВС на РСМ по поднесени ревизии , а во кои се искажани ставови различни од оние на АС Битола.

Судијата Рафис Идризи од Апелациониот суд Гостивар наведе дека ова прашање било разгледано на Граѓанскиот оддел на тој суд и судиите сметаат дека со наведените лица не може да биде склучен друг договор освен менаџерски договор , во таков случај доколку е предвидено да се исплати штета дека му следува таквото право, но не и штета по чл. 102 од ЗРО.

Судијата Букурије Ајдини од АС Скопје наведе дека во ваков случај , АС Скопје Граѓанскиот оддел- за работни спорови, смета дека на овие лица им следува надомест на штета според чл. 102 од ЗРО затоа што станува збор за штета од незаконит престанок- разрешување на работоводен орган, утврдено е судско незаконито разрешување, во судска постапка со правосилна пресуда, што е во согласност и со досегашните одлуки на Врховниот суд. Работоводниот орган имал договор за вработување , а доколку имал менаџерски договор не би се поставило ова прашање и ако постоел менаџерски договор немало да се води оваа постапка . Судијата Санде Зиков вв со оваа дискусија додаде дека е битно и дали во уводниот дел од Договорот се вели дека е склучен врз основа на ЗРО и Колективен договор или според ЗТД. Доколку е според ЗТД не би следувала штета по ЗРО, но во случај да не е склучен таков договор тогаш се применува ЗРО.

Судијата Сузана Здравева од АС Штип, наведе дека мислењето на судиите од овој суд кои постапуваат во вакви предмети е како и мислењето на АС Битола и АС Гостивар, дека не може да следува право на штета по ЗРО туку само она што е договорено со менаџерскиот договор.

Со оглед да не се усогласени мислењата на сите 4-ри Апелациони судови , имајќи ги предвид и приложените одлуки на ВС на РСМ вв со вакво тужбено барање, не се донесе Заклучок , правното прашање да се достави до Врховниот суд на РСМ на разгледување и произнесување.

2. По однос на второто прашање поставено од АС Гостивар, судијата Рафис Идризи го образложи мислењето на судиите од тој суд и досега било прифатено дека на работникот му следува додаток на плата и за 12 часа платен одмор во рамките на вкупно 24 часа работно време, дека се работи за прекувремена работа, доколку со вештачењето кое вообичаено се доставува и предлага како доказ, се утврди дека работникот остварил над 24 часа работно време.

Судијата од АС Битола Петкана Јандровска истакна дека во нивниот суд мислењето е дека на работникот би му следувал додаток на плата и за 12 часа платен одмор само ако работникот годишно или месечно ја исполнил квотата на полното работно време и за надминатите часови му следува додаток на платата. Судија Жаклина Доведен наведе дека прашањето е дали одморот од 12 часа е предвиден како платен одмор, со оглед да е предвидено така според КД. Можеби работникот во тие 12 часа не извршува работни задачи , но ако според КД е работно време , тоа му дава за право и да го остварува истото , смета дека мислењето на АС Гостивар е прифатливо.

Судијата Букурије Ајдини од АС Скопје наведе дека 12-те часа платен одмор не се прекувремена работа и тие не влегуваат во полното работно време затоа што работникот работи 12 часа, потоа одмара 12 часа и тој ниту има надлежност да извршува работни задачи во тие 12 часа платен одмор, освен ако на пр. со Наредба требал да работи и во тие 12 часа , не дошол работникот кој требал да го замени и сл. Доколку 12- те часа редовно работно време се надминати, тие часови кои се надминати се сметаат за прекувремена работа и во тој случај на работникот му следува додаток на плата за прекувремена работа.

Судијата Сузана Здравева од АС Штип истакна дека 12 -те часа платен одмор не се часови на работа и потребно е тие да се пресметуваат на годишно ниво, тие часови се прекувремени само ако се надминати часовите на редовно работно време на годишно ниво, го прифаќаат мислењето на АС Скопје дека на работникот не му следува додаток на плата за тие 12 часа платен одмор, освен ако е надминат бројот на часови на полно работно време на годишно ниво .

**Со оглед на поделените мислења не се донесе заклучок.**

**Прашањето да се достави до ВС на РСМ на разгледување и изјаснување.**

3. Третото прашање беше образложено од страна на судијата Рафис Идризи од АС Гостивар кој суд го постави ова правно прашање, задржувајќи се во целост на писменото образложение доставено во прилог на прашањето, од таму дека нивното мислење е дека на овие вработени им следува правото на новогодишен надомесок и регрес согласно КД за комунална дејност.

Судијата Петкана Јандровска од АС Битола вв со ова прашање истакна дека правото им следува доколку работодавачот е член на здружението на работодавачи, во овој случај, според поставеното прашање, не им следува, ако немаат свој Колективен договор.

Судијата Букурије Ајдини од АС Скопје наведе дека ова прашање не било разгледувано на одделот во овој суд затоа што не било навреме доставено пред работната средба, но во интерес на дискусијата истакна дека во овој суд досега немало вакви приговори , во предметите по кои тие постапувале, вакво право било предвидено во КД на ниво на работодавач. Според тоа, ако не се потписници на КД за комунална дејност како Гранков договор, тогаш не им следува таквото право,освен ако со КД на ниво на работодавач е предвидено такво право. Судијата Санде Зиков се надоврза на ова излагање, според него, одредбата од чл. 205 ст.3 од ЗРО го решава ова прашање.

Според АС Штип, прифатливо е мислењето и образложениеto на АС Гостивар.

По наведените излагања се прифати мислењето на поголемиот број судови и едногласно се донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**На вработените во Јавните претпријатија за комунални дејности не им припаѓа новогодишен надоместок и регрес за годишен одмор согласно Колективниот договор за комунална дејност , доколку не се потписници или членови на здружението на работодавачи, освен ако остварувањето на тоа право произлегува од КД на ниво на рабододавач и ОКД.**

**4. Прашањето го презентираше и го образложи судијата Рафис зИдризи од АС Гостивар, осврнувајќи се во целост на писменото образложение во прилог на поставеното правно прашање. Според мислењето на судиите од нивниот суд, такво право не им припаѓа на наведените лица од причини наведени во образложението.**

**Судијата Петкана Јандровска од АС Битола наведе дека такво право не му припаѓа на наведениот персонал затоа што тоа е регулирано со Законот за служба во АРМ, Законот за упат во мировни операции... При состојба кога е донесено посебно решение со кое е утврдено дека платата ќе се исплатува во девизи, се запира исплатата на денарската плата. Поради навведеното , се согласуваат со мислењето на АС Гостивар.**

**Судијата Букурије Ајдини од АС Скопје, наведе дека во овој суд биле веќе донесени повеќе одлуки според кои на наведените припадници не им припаѓа право и на денарска плата што претходно ја примале.**

**Судијата Сузана Здравева од АС Штип наведе дека мислењата на усиите од тој суд се поделени, немаат заземено единствен став. Според помал дел од судиите, такво право им припаѓа затоа што девизната исплата се однесувала за додатоци за посебни услови за престој во странство. Претседателот на АС Штип – судијата Наќе Георгиев, наведе дека според мислењето на поголемиот дел од судиите, такво право не им припаѓа на наведените лица затоа што со решението е кажано дека имаат право на надомест во девизи, не и во денари, тоа решение станало конечно и не било оспорено од работникот.**

**Имајќи ја предвид наведената дискусија и мислењето постигнат е и донесен едногласно следниот**

**З А К Л У Ч О К**

**На припадниците на военият и цивилниот персонал за периодот додека учествуваат во воени или мировни операцииnадвор од територијата на републиката, не им следува исплата и на денарска плата што претходно ја примале.**

5. Судијата Рафис Идризи од АС Гостивар го изнесе мислењето на судиите од овој суд вв со правното прашање согласно писменото образложение доставено во прилог на прашањето.

Судијата Петкана Јандровска од АС Битола наведе дека веќе постои заклучок на 4-те Апелациони судови вв со ова прашање , дека на лицата вработени во јавниот сектор кои се јавни или административни службеници ,не може работниот однос да им се трансформира од определено на неопределено време. Само во еден случај е дозволено , доколку има отсутен работник кој не дошол на работа за 2 години и да се обезбедени финансиски средства од ресорното министерство и од Министерството за финансии, воедно дека ЗРО може да се примени само за помошно- техничкиот персонал , работниот однос во јавен сектор не може да се трнсформира со 5 години, во тој правец дека има и одлука на Врховниот суд. ВВ со чл. 46. ст.4 од ЗРО на упразнето работно место , мора да се обезбеди условот- финансиски средства. За приватниот сектор , може да се транформира ако се работи за помошно-технички персонал со 5 години стаж и не треба да се утврдува дали се обезбедени финансиски средства, по сила на Закон работниот однос ќе се трансформира на неопределено време. Доколку се работи за чл. 46 ст.4 од ЗРО, мора дс едокаже дека се исполнети и тие посебни услови.

Судијата Букурије Ајдини од АС Скккопје, ввсо ова прашање наведе дека кога станува збор за чл. 46 ст.3 од ЗРО не тие работници работниот однос треба да се трансформира на неопределено време без оглед дали се обезбедени финансиски средства. Во став 4 е даден исклучок, поточно се работи за исполнување на сите предвидени услови,не само на финансиски средства. Доколку со посебен закон е уредено ова право, во тој случај дека се применува тој посебен закон, во спротивно ЗРО.

Претставникот на АСШтип , судијата узана Здравева наведе дека чл.46 ст.3 од ЗРО се однесува ако работникот работел најмалку 5 години на определено време, во став 4 е определен исклучок и тогаш треба да се обезбедени посебните услови. Според мислењето на овој суд , за примена на чл. 46 ст.4 од ЗРО мора да се докаже дека се исполнети тие посебни услови.
ВВ со ова прашање и изнесените мислења, судијата Николчо Николовски од ВС на РСМ наведе дека с есогласуваат со истите.

Врр основа на наведеното, се констатира дека постои можност да се донесе, едногласно следниот

**З А К Л У Ч О К**

**Кога работниот однос се трансформира од определено на неопределено време согласно чл. 46 ст.3 од ЗРО, судот не утврдува дали се обезбедени финансиски средства.**

**Доколку работниот однос се трансформира согласно чл. 46 ст.4 од ЗРО , потребно е да се докаже дека се обезбедени финансиски средств , доколку со посебен закон не е поинаку определено.**

6. Правното  прашање поставено од АС Штип го образложи судијата Зоранчо Мицевски – Претседател на граѓанскиот оддел на овојсуд, согласно писменото образложение доставено во прилог на правното прашање, воедно истакнувајќи дека кај судиите кои постапуваат по наведените предмети се јавува дилема и различно мислење  вв со прашањето дали склучената Спогодба ги обврзува претходно вработените кои веќе заминале  во пензија и не биле членови на Синдикалната организација, дали Спогодбата за утврдување на висина на надомест за трошоци поврзана со работа (регрес за годишен одмор и новогодишен надоместок) која е склучена подоцна, потпишана од работодавачот и членови на Сидикалната организација, може да важи ретроактивно и за нив затоа што во време кога тие оствариле право на пензија не постоела таква спогодба, дали на истите може да им се скратуваат правата од работен однос  со акти на работодавачот ако се има предвид одредбата од чл. 112 ст.4 од ЗРО.

Судијата Рафис Идризи од АС Гостивар наведе дека според мислењето на судиите од АС Гостивар,  право на новогодишен надоместок и регрес за годишен одмор им припаѓа на поранешните вработени ако тоа право било предвидено со Колективниот договор за комунална дејност и со Спогодба не може да им се ускратат веќе стекнатите права утврдени во КД на ниво на работодавач.

Судијата Букурије Ајдини наведе дека ова прашање не било разгледувано од судиите од граѓанскиот оддел затоа што АС Скопје не го добило ова прашање пред работната средба, но во праксата до сега немале такви приговори од странките . Имено, постоеле предмети во кои правото било предвидено со КД на ниво на работодавач, смета со Спогодба не може да се ускратат правата утврдени со КД на ниво на работодавач и согласно Гранковиот КД.

Во врска со ова прашање судијата Сузана Здравева од АС  Штип наведе дека имало поделени мислења во нивниот оддел, но се прифаќа мислењето дека со таква Спогодба не може да се ускратат веќе стекнати права со КД на ниво на работодавач и на ниво на гранка. Преседателот на АС Штип Наќе Георгиев наведе дека ако некое право е предвидено со КД на ниво на работодавач,  тој КД е задолжителен и за работниците и за работодавачот.

Имајќи ја предвид дискусијата и мислењата , донесен е едногласно следниот

**З А К Л У Ч О К**

**Со спогодба за утврдување на висина на надомест  за трошоци поврзани со работа, не може да се ускратат тие права.**

7. По однос на седмото прашање поставено од АС Скопје, судијата Букурије Ајдини го образложи истото во согласност со писменото образложение кое е доставено кон ова прашање, дека причина заради која е поставено ова прашање се 2 ревизиски одлуки, Рев3 бр. 3/18 од 23.05.2018 година и Рев3 16/18 од 05.03.2019 година. Со првата ревизијата е отфрлена како недозволена со образложение дека се барало поништување на одлука со која е откажан договорот за вработување со истовремено понуден нов променет договор,  Врховниот суд оценил дека  не се работело за спор по повод престанок на работниот однос во смисла на чл. 372 ст.3 т.3 од ЗПП, а со втората одлука ревизијата е усвоена, прифатено е дека отказот е спротивен на ЗРО, одлучено е работникот да се врати на претходното работно место, пред отказот. Спред судиите кои постапуваат во спорови од работен однос во АССкопје, се работи

за отказ и согласно чл. 102 од ЗРО работникот треба да се врати на работно место соодветно на неговата стручна подготовка, но Граѓанскиот оддел на овој суд смета дека работникот треба да се врати на претходното работно место .

Судијата Рафис Идризи од АС Гостивар, наведе дека според мислењето на судиите од овој суд, има примена чл. 102 од ЗРО, затоа што чл. 78 од ЗРО го регулира начинот на откажување на договорот за вработување , не се дава отказ туку се понудува нов, променет договор. Овде, со тужбата се бара поништување на одлуката за откажување на договорот за вработување и затоа , доколку се поништи одлуката за отказ, работникот се враќа на работно место соодветно на неговата стручна подготовка.

Со ваквото мислење не се согласува АС Битола, според мислењето и праксата на овој суд, работникот треба да се врати на претходното работно место, а не согласно чл. 102 од ЗРО според неговата стручна подготовка .

АС Штип по ова прашање се изјасни дека во таков случај со оглед да се работи за чл. 78 од ЗРО, работникот ќе се врати на работното место на кое се наоѓал пред отказот, со истовремено понуден нов променет договор.

Судијата од Врховниот суд Николчо Николовски, наведе дека во врска со поставеното прашање, работникот треба да се врати на претходното работно место, затоа што во суштина преку понудениот нов договор се врши распоредување кое не е прифатливо за работникот.

Согласно изнесените мислења, **со мнозинство** гласови е донесен следниот

**З А К Л У Ч О К**

**При поништување на одлуката за откажување на договорот за вработување со понуда на нов променет договор за вработување, согласно чл. 78 од ЗРО, работникот ќе се врати на работното место на кое бил пред откажувањето на договорот за вработување.**

**Прашањето да се достави до ВС на РСМ на разгледување и изјаснување**

8. Во врска со ова поставено прашање од АС Скопје, судијата Букурије Ајдини го изложи писменото образложение на ова прашање, до дополнение дека потребата од поставување на ова прашање произлегла од донесени одлуки на Врховниот суд, но и донесени различни одлуки на второстепените судови. Според одредени одлуки на АССкопје доколку се поништи одлуката за распоредување , работникот треба да се врати односно распореди на работно место соодветно на неговата стручна подготовка, но постојат и одлуки според кои работникот ќе се врати на работното место на кое бил пред незаконитото распоредување. Според неа , кога се работи за поништување на решение за распоредување како незаконито, работникот треба да се врати таму каде што бил пред распоредувањето затоа што кај распоредувањата не престанува работниот однос туку постои континуитет.

Во врска со ова прашање дикусијата и мислењата на 4- те Апелациони судови беа неподелени, се прифаќа мислењето на АССкопје врз основа на што , едногласно се донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**При поништување на одлуката за распоредување како незаконита, работникот ќе се врати на работното место на кое бил пред незаконитото распоредување.**

9. Деветтото прашање поставено од АС Скопје, усно беше образложено од судијата Санде Зиков, наведувајќи дека постојат поделени мислења кај судиите на овој суд кои работат на работни спорови, па така дел сметаат дека на работникот му следува надомест за неискористениот дел, не и за цел неискористен годишен одмор, во секој случај мора да има барање од работникот за користење на годишниот одмор пред престанокот на работниот однос и тоа да не е дозволено на работникот. Поголемиот број судии од Граѓанскиот оддел сметаат дека во таков случај на работникот му следува надомест за цел неискористен годишен одмор согласно чл.145 ст.1 од ЗРО, какво што е и мислењето на целиот Граѓански оддел на овој суд.

Останатите апелациони судови се согласија со мислењето на Граѓанскиот оддел на АССкопје, после што едногласно е донесен следниот

**З А К Л У Ч О К**

**На работникот му следува надомест за цел неискористен годишен одмор, кога поднел барање за користење годишен одмор пред престанок на работниот однос кој не е по негова вина и волја, а работодавачот не му овозможил користење на годишен одмор, во смисла на чл. 145 ст.1 од ЗРО.**

10. По однос на ова прашање од АС Скопје , судијата Санде Зиков образложи дека ова правно прашање не било ниту спорно и судиите кои постапуваат во работните спорови во овој суд , сметаат дека согласно чл. 36 од Законот за државни службеници е предвидено дека со додатокот на плата за завање се обезбедува вреднување на секое звање во зависност од видот и обемот на работата, сложеноста и одговорноста за извршување на работата. Согласно чл. 37 ст.1 од истиот Закон, секое звање од членот 36 од ЗДС , освен секретарот, има 4-ри степени на кариета ( А, Б,В и Г). Покрај наведеното , сепак, во овој суд се донесени различни одлуки по ова прашање РОЖ бр. 555/18, РОЖ 1522/18, 996/18 и 1056/18 ( со некои се укинуваат првостепеите пресуди со кои е усвоено тужбеното барање, а со други се потврдува иста таква одлука на првостепениот суд), сепак дека судиите од овој суд веќе се усогласиле. Според мислењето на Граѓанскиот оддел на АС Скопје , со промена на звањето државниот службеник со новото звање почнува одново со степен на кариера А , што значи претходно стекнатите степени на кариера од претходното завање не можат да се искористат во новото работно место со ново звање.

Претставниците на останатите Апелациони судови беа со исто мислење како и Граѓанскиот оддел на АС Скопје поради што едногласно се донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**За секое добиено ново звање се почнува повторно со степен на кариера А, Б, В или Г.**

11. Ова прашање беше поставено од АС Битола , претставниците на останатите Апелациони судови изјавија дека ова прашање не им било доставено пред почетокот на работната средба и не е разгледувано на граѓанските оддели на останатите Апелациони судови, но се согласија да се разгледа и ова прашање, истото го образложи судијата на АС Битола Петкана Јандровска.

Според излагањето, причината зошто е поставено ова прашање , се донесените одлуки на АС Битола во предмети по тужби на јавните обвинители за исплата на додаток на плата, со кои се укинати првостепените одлуки затоа што додатокот на плата не бил пресметан на основната плата туку на износот добиен од основна плата и минат труд , па на тој износ е утврден додатакот на плата. Од друга страна пак во АС Скопје се донесени одлуки по предмети во кои судиите барале исто така додаток на плата, потврдени се првостепените одлуки и според пресметката со вештачењата на основната плата бил додаден износот по основ минат труд па на вкупниот износ пресметан додатокот на плата. Таа наведе дека додатокот за минат труд е додаток и кога ќе се пресметуваат тие додатоци , за доверливост, сложеност и. т. н. , истите треба да се пресметуваат на основната плата без минат труд бидејќи Законот вели, на основна плата, а не зголемена со минат труд. Во тој правец дека судот треба да утврди дали вештачењето е изработено согласно законот. Судијата Жаклина Доведен изјави дека со оглед на донесените одлуки по предметите ќе постојат различни одлуки, и тоа некои со определен понизок износ на име додаток на платата што може понатаму евентуално да биде предмет за аплицирање пред Европскиот суд за човекови права. Во таа насока дека е потребно во иднина да се внимава на овие вештачења и пресметката на износите, за да не се случат и понатаму различни одлуки за исто правно прашање.

Судијата Букурије Ајдини од АС Скопје наведе дека во врска со одлуките на тој суд , по предметите во кои се барал додатокот на плата, ниту една од странките не приговорила во текот на првостепената постапка на пресметката утврдена со вештачењата, ниту пак бил истакнат жалбен навод . Од таму, судиите не можат да се сомневаат во вештачењето ако вештите лица во наодот навеле колку изнесува основната плата, а не било споменато дека во така пресметаната плата тие го внеле и минатиот труд ниту пак странките приговориле, особено тужениот на вештачењето и не истакнале жалбен навод на таа околност. Судот нема стручни познавања ниту пак законот му дозволува да навлегува во тоа како е направена пресметката, судот не може да ја преземе улогата на вештакот и да утврдува како е пресметан износот, за кој вештачењето дало одговор дека додатокот на плата е пресметан на основната плата. Претседателот на АС Скопје, судијата Лидија Димчевска наведе дека различните одлуки не значат дека се погрешни или лоши одлуки, па во тој правец не може да се толкуваат судските одлуки туку дека треба да постојат различни одлуки и мислења па да се усогласуваат и прашање е дали сега по повод ова прашање треба да се усогласуваат мислењата на четирите Апелациони судови. Заради отстранување на евентуални проблеми и дилеми во споровите од работните односи, судијата Букурије Ајдини предложи во иднина правните прашања од овие спорови да бидат подготвени на време и изјави дека денес, на оваа средба не би можело да се расправа по вакво прашање . Судијата Санде Зиков во својата дискусија наведе дека ова не претставува правно прашање, ниту е спорно што е основна плата, затоа што ЗРО е јасен како и Законот за плати на судиите според кои одредби се вели дека пресметката се прави на основната плата .

Судијата од АС Штип Наќе Георгиев, наведе дека доколку вештото лице изготвило вештачење, проблемот не е дали минатиот труд влегува во основната плата и што претставува основна плата, наведе дека нема што понатаму да се дискутира со оглед да во Законот е јасна определбата што претствува основна плата.

Претседателот на АС Скопје, во врска со претходната дискусија по прашањата од работни спорови предложи дека ќе биде потребно и целисходно судиите кои постапуваат во предметите од работни спорови во иднина да се среќаваат почесто и да расправаат по нивните евентуални различни мислења за да донесат заклучоци, ова на ниво на четирите апелациони судови.

Судијата Лидија Мартинова , во врска со ова правно прашање истакна дека и вештачењата како и сите други докази имаат подеднаква важност и судот е должен да ги цени секој поодделно, во таа насока доколку судот се сомнева во наодот и мислењето на вештото лице без оглед дали има приговор или нема приговор на вештачењето од странките, може да побара од вештото лице да го дополни или појасни наодот и мислењето.

Со оглед на погоренаведената дискусија, а заради правна сигурност, едногласно се донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**(донесен заради правна сигурност)**

**Додатоците на плата (додатоци на доверливост, ризик и услови за работа) на јавните обвинители и судиите се пресметуваат на основната плата во која не влегува минатиот**
**труд.**

**Заклучокот е донесен едногласно.**

## Г Р А Ѓ А Н С К О   П Р А В О

12. Прашањето поставено од АС Битола во врска со надомест на материјална штета причинета на пчеларници од напад на диво животно – мечка, беше образложено од страна на судијата на АС Битола Жаклина Доведен, притоа објаснувајќи ги причините заради кои е поставено ова правно прашање, имено, затоа што постоеле повеќе различни одлуки, вклучително и од страна на Врховниот суд во врска со ваков предмет на спорот, па се јавува дилемата дали во конкретниот случај се работи за објективна одговорност на државата за надомест на штета или пак за поделена одговорност помеѓу сопственикот на пчеларникот од една страна, а од друга на тужениот. Во таа насока дилемата кај судиите од овој суд е зголемена и поради одлуките кои се во прилог на правното прашање, а се донесени од Врховниот суд на РСМ според кои се смета дека постои поделена одговорност кај тужителот и тужениот, имено дека вина за настанување на штетата и придонес имал и тужителот бидејќи пчеларникот бил несоодветно заштитен, а тужителот требал да ги осигура пчелите од ваков вид штета. Притоа, во АС Битола постојат повеќе предмети од ист тужител за вакво тужбено барање во различен период и во однос на тие предмети се појавува прашањето дали навистина има вина и на страна на сопственикот на пчеларникот доколку на толкав краток период се повторуваат нападите од мечката врз пчеларникот и дали сопственикот можел да преземе дејствија за заштита и намалување на штетата. Поради постоење на различни одлуки во АС Битола за ваквите спорови судиите од граѓанскиот оддел на тој суд одлучиле правното прашање да биде поставено на оваа работна средба.

АС Скопје преку  претседателот на судот Лидија Димчевска истакна дека граѓанскиот оддел на овој суд расправал по ова правно прашање, дека се работи за фактичко прашање во смисла дека не е исклучена одговорноста и на сопственикот на пчеларникот но и на тужениот, одговорноста треба да се докаже , па доколку една иста странка повеќе години бара штета од државата затоа што мечката му го оштетила пчеларникот, треба да се има предвид дека доколку се работи за многу често повторување на нападите врз пчеларникот, во период во кој сопственикот можел да го дислоцира пчеларникот и основано да очекува да му се причини штета, секако дека би постоел придонес и од негова страна во штетата.

Судијата Жаклина Доведен во својата дискусија повторно наведе дека со оглед на евентуалано краткиот временски период од претходниот до следниот напад и специфичниот начин на кој пчеларниците можат да се дислоцираат, а според вештачењата кои што се изведени во постапката, дали може да се прифати поделена одговорност, наспроти евентуално утврден подолг период од еден, два или три месеци во кои сопственикот можел да го дислоцира пчеларникот.

Со оглед на дискусијата , затоа што станува збор за фактичко прашање, поединечно за секој случај, оценка на сите Апелациони судови е дека не може да се исклучи поделената одговорност, за ова прашање не се донесе  Заклучок.

13. По однос на правното прашање поставено од АС Битола , судијата Татјана Сусулевска го образложи истото согласно писменото образложение истакнувајќи го правното мислење на Одделот за граѓански дела на Врховниот суд на РСМ од 2014 година дека во парнична постапка во која странка е правно лице кое во текот на постапката е избришано од Централниот регистар, поради заклучување на стечајна постапка, дека судот не може да продолжи да ја води постапката со застапување на привремен застапник согласно член 550 од ЗТД, па во таа насока ставот на Граѓанскиот оддел на АС Битола е дека на правно лице ДООЕЛ кое престанало да постои пред поднесување на тужбата согласно чллен 550 од ЗТД дека може да му се постави привремен застапник и дека овој став на судиите на тој оддел не е во колизија со правното мислење на Врховниот суд на РСМ од 2014 година. Имено , дел од судиите сметаат дека привремен застапник на бришано друштво може да се постави само во постапка во која се остварува некое право пред суд, а не и во постапка за извршување, дел од судиите пак сметаат дека таков застапник може да се постави и во постапката за извршување пред извршител со тоа што привремениот застапник го поставува судот во вонпарнична постапка а по предлог на странката во постапката за извршување. Исто така, дел од судиите пак сметаат дека привремен застапнк може да се постави само на друштвото кое е бришано од соодветниот регистар врз основа на спроведената постапка според ЗТД односно постапка за ликвидација на друштвото и постапка согласно член 552-а и член 552-б од ЗТД.

Со оглед на различното мислење и поделеноста кај судиите од овој суд, оцениле дека е потребно да се остави на разгледување на ова правно прашање на оваа средба заради завземање став по истото.

АС Скопје во врска со ова правно прашање, поточно судијата Јованка Никодиновска, наведе дека во постапките како во конкретниот случај од правното прашање, според мислењето на тој суд може да се постави привремен застапник само доколку друштвото престанало поради ликвидација, но не и поради стечај, ова согласно член 550 од ЗТД.

Судијата Николчо Николовски од Врховниот суд на РСМ, наведе дека во ВС на РСМ е усвоено поинакво правно мислење не образлагајќи понатаму дали е прифатливо и мислењето на делот од судиите од АС Битола, односно АС Скопје.

По однос на ова правно прашање , судиите од АС Битола и АС Гостивар изјавија дека е прифатливо образложението дека на правно лице кое престанало да постои поради стечај согласно член 552-б од ЗТД , не може да му се постави привремен застапник согласно член 550 од ЗТД и дека доколку се работи за престанок на друштвото поради ликвидација, може да се постави привремен застапник врз основа на член 550 од наведениот закон, што значи дека е прифатено мислењето на АС Скопје, едногласно вклучително и од страна на АС Битола.
Врз основа на наведената дискусија и мислење едногласно е донесен следниот

**З А К Л У Ч О К**

**Кај трговско друштво кое престанало да постои поради стечај не може да му се постави привремен застапник согласно член 550 од ЗТД.**

**Привремен застапник согласно член 550 од ЗТД мое да се постави само кога друштвото престанало поради ликвидација.**

14. Правното прашање поставено од АС Гостивар во врска со рокот за застареност во спор за право на наследување по тужба за утврдување на право на наследување, беше образложено од страна на Претседателот на граѓанскиот оддел на тој суд, судијата Велко Страшески кој во целост остана при писменото образложение на доставеното правно прашање, укажувајќи дека размислувањата во граѓанскиот оддел во тој суд не се едногласни, имено, дел од судиите сметаат дека член 136 став 2 од Законот за наследување ја исклучува примената на став 1 од истата одредба, во смисла дека без разлика што од правосилноста на донесеното наследно решение не е поминат рокот од 10 години, во ситуација кога оставителот е починат повеќе од 20 години, настапила апсолутна застареност, дел од судиите пак сметаат дека од решително значење е постоењето на правосилното наследно решение како основна претпоставка од кога почнува да тече објективниот рок од 10 години и дека во вакви ситуации не наоѓа примена апсолутниот рок на застареност на правото од 20 години. Дополни дека при вакви ситуации имало и различни ставови изразени во пресудите на ВС на РСМ кои што се доставени во прилог на ова правно прашање и оттаму се јавила потребата за поставување на прашањето заради воедначување на примената на одредбите од Законот за наследување со кои се уредува застареноста во конкретните ситуации.

Дискусијата на останатите претставници од Апелационите судови во врска со ова правно прашање беше едногласна. Во таа насока, Претседателот на АС Скопје – судијата Лидија Димчевска истакна дека Граѓанскиот оддел на овој суд на својата седница едногласно е на ставот дека во конкретниот случај според поставеното правно прашање, наоѓа примена апсолутниот рок на застареност на правото предвиден во член 136 став 2 од Законот за наследување, односно доколку поминале повеќе од 20 години од смртта на оставителот, дека е без влијание дали поминал или не поминал рокот од 10 години сметано од донесување на правосилно наследно решение до поднесување на тужбата.

Со оглед на едногласното мислење на сите четири Апелациони судови во врска со ова правно прашање, донесен е следниот

**З А К Л У Ч О К**

**Во ситуации при поведен спор за право на наследување по поднесена тужба за утврдување на право на наследување, во ситауција кога имаме приговор за застареноста на правото и изминал апсолутниот рок за застареност од 20 години, наоѓа примена член 136 став 2 од Законот за наследување , наоѓа примена наведениот апсолутен рок за застареност предвиден во наведената одредба а не член 136 став 1 од Законот за наследување.**

15. Правното прашање поставено од АС Гостивар во врска со уредноста на приговорот поднесен од должникот против акт на извршителот, го образложи судијата Велко Страшески истакнувајќи дека во еден предмет била донесена одлука од страна на тој суд во која е прифатено дека и покрај истекот на законскиот рок од три дена во смисла на член 99 и 101 од ЗПП , сепак судот прифатил дека приговорот е благовремен затоа што бил поднесен еден ден пред да одлучи судот по приговорот, односно еден ден пред да се донесе решението со кое бил отфрлен приговорот како неуреден. Поголем дел од судиите на граѓанскиот оддел на тој суд сметаат дека во конкретниот случај треба да се отфрли приговорот како ненавремен и дека законскиот рок од три дена е преклузивен рок кој не може да се продолжува и дека не е од влијание дали приговорот е поднесен пред да се донесе решението од наведениот суд.

Мислењата и дискусиите на останатите претставници на граѓанските оддели на АС Скопје, Битола и Штип, беа едногласни, дека се работи за законски преклузивен рок, кој не може да се продолжува и доколку приговорот не е поднесен во определениот рок односно не е извршено уредувањето на приговорот во рамките на законскиот рок од три дена сметано од кога должникот го примил барањето од судот за да се уреди приговорот, дека приговорот ќе се отфрли.

Со оглед на наведеното мислење на сите апелациони судови едногласно е донесен следниот

**З А К Л У Ч О К**

**Во случај кога должникот извршил уредување на приговорот со доставување на поднесок по пошта со препорачана пратка до судот, после истекот на законскиот рок од три дена од приемот на барањето од судот за уредување на приговорот, истиот ќе се отфрли врз основа на одредбите од член 10 и 86 од Законот за извршување и член 99 и член 101 став 6 од ЗПП.**

16. Правното прашање поставено од АС Штип го образложи согласно писменото образложение доставено во прилог на прашањето претседателот на Граѓанскиот оддел на тој суд судијата Зоранчо Мицевски, на тоа образложение се надоврза и мислењето и дискусијата на тој суд Наке Георгиев. Притоа беше наведено дека во врска со стварната надлежност на Граѓанскиот суд постојат одлуки на АС Штип со кои е укинато решението на првостепениот суд со кое судот се огласил за стварно ненадлежен за решавање на спорот утврдување право на барател во управна постапка, но таквата одлука на првостепениот суд не била прифатена од АС Штип и одлуката е укината со укажување дека судот е стварно и месно надлежен да постапува по предметната тужба во смисла на член 10 став 3 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти.

По однос на правното прашање поставено од АС Штиш, за надлежноста на судот да постапува по тужба и тужбено барање за утврдување право на барател во постапка за

утврдување правен статус на бесправен објект, судијата на АС Гостивар Велко Страшевски го образложи мислењето на судиите на граѓанскиот оддел на тој суд , поточно дека и по однос на ова правно прашање постоела поделеност кај судиите и различно мислење, па така дел од нив сметаат дека не постои надлежност на парничниот суд да постапува по тужбата, евентуално дека тужителот може да бара утврдување на право на сопственост до легализација или рушење согласно член 121 од ЗСДСП, односно утврдување на стварно право врз објектот запишан во евиденцијата за овој објект, посочувајќи на оваа околност и примери од судската пракса.

Апелациониот суд Битола, поточно судијата Татјана Сусулевска, наведе дека во врска со ова правно прашање и предвидената одредба од член 10 ст.3 од Законот за постапување со безправно изградени објекти, не е спорно дека во управната постапка биле доставени повеќе барања од баратели да им се утврди правниот статус на изградениот објект и дека управниот орган во смисла на член 10 став 3 од овој закон определил дека во случај на спротиставени барања да се одлучува во парнична постапка , судијата Лиле Наумоска дополни дека во овој суд била прифатена судска надлежност и биле донесени одлуки со кои е прифатена надлежноста.

Претседателот на АС Скопје - судијата Лидија Димчевска, наведе дека во врска со ова правно прашање, во Граѓанскиот оддел на овој суд има поделени мислења кај судиите , дел од нив сметаат дека парничниот суд не е надлежен да постапува и одлучува по ваква тужба и тужбено барање, но дел од судиите сметаат дека може да се поднесува ваква тужба и дека постои судска надлежност на граѓанскиот суд во смисла на член 10 став 3 од Законот за постапување со безправно изградени објекти. Воедно на Граѓанскиот оддел беше забележано дека во врска со ова прашање не се доставени одлуки за различна судска пракса на АС Штип, ниту е доставено мислењето од АС Штип како тој суд смета дека треба да се поставува во ваков случај .

Судијата Лидија Мартинова наведе дека овој суд прифатил судска надлежност да постапува по тужба и тужбено барање да се утврди право на тужителот во поведената управна постапка да се утврди правниот статус на бесправно изградените објекти и да се задолжат тужените да го признаат тоа право, а пресудата да му послужи на тужителот за продолжување на постапката за утврдување на правниот статус на бесправно изградените објекти. Воедно дека одредбата од чле 10 став 3 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти, определува надлежност на парничниот суд и очигледно се работи за постоење правен интерес во смисла на член 177 од ЗПП на страна на тужителот кој што смета дека има појако право на барател, наспроти правото на кое претендира и другиот учесник во управната постапка. Оттаму, без оглед што во наведената одредба не е прецизно наведено какво право треба да бара тужителт во парничната постапка, конкретно како треба да биде поставено тужбеното барање до парничниот суд, сепак дека постои надлежност на тој суд да постапува по вакви барања доставувајќи и судска пракса од АС Скопје со која е прифатена надлежноста на парничниот суд по вакви тужби и тужбени барање. Притоа дека не е прифатливо мислењето на АС Гостивар дека за да постои судска надлежност тужбеното барање треба да биде поставено за утврдување право во смисла на член 121 од ЗСДСП барање сопственост на објектот до легализација или рушење кое претставува барање од стварно право, за какво барање не се однесува чл. 10 ст.3 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти . Во конкретниот случај , доколку од доказите се утврди дека тужителот а не другите баратели во управната постапка, има такво право , со таа пресуда тој ќе се легитимира со појако право на барател пред останатите баратели во управната постапка.

Судијата Николчо Николовски од ВС на РСМ наведе дека е прифатливо мислењето дека постои судска надлежност на парничниот суд во смисла на чл. 10 ст.3 од Законот за

постапување со бесправно изградени објекти доколку тужителот бара да се утврди дека има појако право на барател во постапката за утврдување правен статус на бесправен објект , па во таа насока доколку така е поставено тужбеното барање не би можела тужбата да се отфрли.

Со оглед на мислењата и дискусијата во врска со ова правно прашање едногласно е донесен следниот

**З А К Л У Ч О К**

**Судот не е надлежен да одлучува по барањето на тужителот да се утврди дека има право на барател во постапката за утврдување правен статус на бесправен објект, односно по барањето на тужителот дека има право на утврдување на правен статус на бесправен објект.**

**Судот е надлежен да постапува по тужба и тужбено барање согласно одредбата од член 10 став 3 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти во врска со член 177 од ЗПП, да се утврди појако право на барател за утврдување на правниот статус на бесправните објекти и да се задолат тужените да го признаат тоа право , а пресудата да му послужи на тужителот за продолжување на постапката за утврдување на правниот статус на бесправно изградените објекти.**

17. По однос на ова прашање поставено од АС Скопје – Трговскиот оддел, од страна на судијата Јованка Никодиновска беше презентирано писменото образложение на ова прашање со дополнение дека според одлуката која е донесена од страна на советот во Трговскиот оддел на овој суд, во конкретниот предмет е определено супервештачење при состојба кога постоело само едно вештачење со повеќе дополненија, но не и друго спротиставено вештачење. Одлуката предизвикала потреба да се постави ова правно прашање за да во иднина нема евентуално поинакво мислење кај судиите. Според неа, во конкретниот случај не биле исполнети условите од 246 став 2 од ЗПП за да судот определи супервештачење. Воедно поставено е и прашањето дали доколку се работи за суштествена повреда на постапката, второстепениот суд на оваа повреда внимава по службена должност.

На ова се надоврза судијата Татјана Сусулевска од АС Битола која укажа на член 246 вв. со член 235 од ЗПП на која упатува одредбата од член 246 од наведениот закон, но и таа изјави дека во конкретниот случај согласно поставеното правно прашање, Граѓанскиот оддел на АС Битола е на мислење дека нема услови да се определи супер вештачење, бидејќи ЗПП многу јасно уредува кога може да се нареди супервештачење, за што не станува збор во конкретниот случај.

Судиите од АС Гостивар и АС Штип се согласија со дискусијата и мислењето на АС Битола , потоа едногласно се донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**Супервештачење судот ќе определи во смисла на член 246 став 2 од ЗПП само доколку во текот на постапката се изведени две спротиставени вештачења.**

**Непочитувањето на оваа одредба претставува суштествена повреда на која судот внимава по службена должност.**

18. По однос на прашањето поставено од АС Скопје во смисла на тоа дали известувањето на извршителот доствено до доверителот дека не може да го продолжи извршувањето за наплата на извршните трошоци кои доверителот ги авансирал кај извршителот, е извршно дејствие против кое може да се поднесе приговор, дали приговорот е дозволен или не е дозволен правен лек по член 86 од Законот за извршување, судијата Лидија Мартинова го иснесе мислењето на Граѓанскиот оддел на овој суд дека известувањето претставува извршно дејствие во смисла на член 40 од Законот за извршување, кај судиите нема поделени мислења за наведеното и дека приговорот е дозволен. Во тој правец се истакна потребата да се постави ова прашање затоа што во некои предмети првостепените судови го отфрлиле приговорот како недозволен . Претседателот на АС Скопје, судијата Лидија Димчевска, наведе дека и во нивниот совет е донесена одлука каде што ваквото известување е прифатено како извршно дејствие против кое е дозволен приговор и по кој првостепетниот суд треба да постапи ценејќи ја основаноста или неоснованоста на истиот.

Судијата Татјана Сусулевска од АС Битола, наведе дека со оглед на фактот да материјалот за ова прашање не бил доставен пред работната средба туку сега на одржувањето на средбата, граѓанскиот оддел на тој суд не се произнел, но нејзино мислење е дека приговорот е дозволен против таквото известување, со оставање можност на граѓанскиот оддел на тој суд да се произнесе на ниво на оддел, што е прифатливо и за претседателот на граѓанскиот оддел на тој суд судијата Лиле Наумоска која се приклучи на наведената дискусија и мислење.

Со идентично мислење беа и останатите Апелациони судови, поточно АС Гостивар и АС Штип, па оттаму едногласно е донесен следниот

**З А К Л У Ч О К**
**(откако ќе се потврди на одделите од АС)**

**Известувањето на извршителот доставено до доверителот со кое го известил дека не може да го продолжи извршувањето за наплата на извршните трошоци кои доверителот ги авансирал кај извршителот, претставува извршно дејсвие против кое доверителот може да поднесе приговор.**

19. По однос на прашањето поставено од АС Скопје во кој рок застарува паричното побарување по однос на неплатени трошоци за пружање адвокатски услуги, дали се применува рокот од член 363 став 1 од ЗОО или пак одредбата од член 360 од истиот закон, судијата Лидија Мартинова наведе дека ова прашање е поставено затоа што се појавија две различни одлуки во овој суд, па така според едната рокот во член 360 став 1 од ЗОО е применлив , а според другата одлука одредбата од член 363 став 1 од ЗОО . Притоа, не е спорно дека и од страна на ВС на РСМ веќе е завземено мислење објавено и во одлуките на овој суд дека рокот за застареност кај ова парично побарување кое произлегува од договор склучен помеѓу тужителот – адвокат и тужениот како властодавец , изнесува три години согласно член 363, став 1 од ЗОО. Во тој правец беше истакнато дека АС Скопје го поставува ова правно прашање затоа што е потребен и заклучок кој што ќе се дистрибуира до основните судови, имено, според дел од одлуките на порвостепените судови рокот за застареност изнесува 5 години од стасаноста на побарувањето, па од тие причини заради изедначување и на судската пракса во првостепените судови се наметна потребата да се постави ова прашање. Притоа, образложението на Граѓанскиот оддел на овој суд е дека рокот изнесува три години од стасаноста на побарувањето, дека треба да се примени член 360 од ЗОО вв со член 619 и член 805 од истиот закон.

Претставниците на останатите апелациони судови како и судијата Николчо Николовски од ВС на РСМ изјавија дека и досега не било спорно за нив дека рокот за застреност изнесува 5 години, па со оглед на наведената дискусија, едногласно е донесен следниот

**З А К Л У Ч О К**

**Парично побарување по основ надомест на неплатени трошоци за адвокатски услуги, застарува во рок од 5 години согласно член 360 од ЗОО.**

**Правното прашање на АС Скопје вв со надомест на материјална штета ( парична рента) не беше предмет на разгледување на оваа средба од причина што во прилог беа доставени и повеќе одлуки - судска пракса на АС Скопје и ВС на РМ , а прашањето како и повеќе претходни прашања не беше навреме дистрибуирано до останатите Апелациони судови преку Академијата за судии и јавни обвинители, истото ќе се разгледува на следна средба.**

**Правните прашања за кои не е донесен заклучок да се достават до ВС на РСМ, како и прашањата со заклучоците кои се донесени со мнозинство гласови.**

**Заклучоците донесени со мнозинство на гласови ќе се применуваат до произнесување на ВС на РСМ по истите.**

**Претседател на Апелационен суд Скопје**
**С у д и ј а**
**Лидија Димчевска**

**Претседател на Оддел за судска пракса**
**С у д и ј а**
**Лидија Мартинова**